Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

На 24.11.2022 година, Националниот превентивен механизам (НПМ) спроведе редовна ненајавена посета на Психијатриската болница „Скопје“. Посетата започна во 09:00 часот, а заврши во 14:30 часот (вкупно времетраење од 5 часа и 30 минути).

Целта на оваа посета, согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување, е идентификување ризици заради спречување тортура или друг вид сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Народниот правобранител - Национален превентивен механизам посветува особено внимание и континуирано го следи постапувањето со лицата лишени од слобода, а со изречена мерка на безбедност.

При посета на психијатриски установи Националниот превентивен механизам испитува:

- материјални услови каде се сместени и задржани пациентите,
- постапувањето на службените лица со пациентите,
- користење на средства за присилба (фиксација),
- евиденции и медицинска документација на пациентите,
- други места (работни простории и др. помошни простории како кујна, тоалети и сл.).

Болницата е во надлежност на Министерството за здравство кое е одговорно за севкупното нејзино функционирање. Во отсуство на извршниот директор, тимот на Националниот превентивен механизам најпрво разговараше со стручниот директор, а потоа направи увид во судското одделение кое беше и еднистевен фокус на денешната НПМ посета.

За потребите на посетата, НПМ тимот беше придружуван од надворешни соработници/експерти д-р Славица Гајдиsис Књежевиќ, психијатар и г-а Натка Пачоска, клинички психолог.

Согласно утврдената методологија за спроведување на посети, тимот се подели во два подтима, па спроведе увид во материјалните услови, разговаше со персоналот ангажиран во одделението, како и со дел од пациентите.

Посетата на болницата се реализираше во целосна соработка со управата и вработените на установата, притоа НПМ тимот имаше непречен увид во местата на сместување, како и целосна слобода во изборот на лица со кои спроведе разговор.

НПМ во разговор со пациентите не доби поплаки за тортура и сурово постапување, додека односот на персоналот беше оценет како коректен, но се пожалија на

исхраната, како и на материјалните услови кои не ги задоволуваат определените стандарди: објектот е стар и нереновиран, санитарните јазли и бањите се делумно руинирани, нечисти и неприлагодени за оваа категорија лица, креветите и душеците за спиење во најголем број се стари и дотраени, а недостигаат ормарчиња, ноќни масички и сл. мебел каде пациентите би ги одложувале своите лични предмети или храна.

Во ова одделение не се преземаат мерки за ограничување (фиксација) на пациентите.

Многу мал дел од лицата сместени и хоспитализирани во ова одделение се вклучени во окупациона терапија, НПМ смета дека менаџментот на болницата треба да интервенира во ваквата состојба со цел продуктивно осмислување на дневните активности на пациентите.

Како резултат на реализираната посета Народниот правобранител - Национален превентивен механизам ќе подготви посебен извештај во кој ќе ги нотира констатираните позитивните и негативни состојби, а ќе даде и соодветни препораки кои ќе бидат упатени до Министерството за здравство и до Психијатриската болница „Скопје“ со цел отстранување на идентификуваните недостатоци.